# МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА КАКО ИМПУЛС ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ

Проф. Д-р РИСТО ФОТОВ
Економски факултет - Штип, Република Македонија
risto.fotov@ugd.edu.mk

М-р ЕМИЛИЈА МИТЕВА КАЦАРСКИ
Економски факултет - Штип, Република Македонија
emilija.miteva@ugd.edu.mk

***Abstract:*** International trade is chronologically the oldest, while most massive and most developed form of economic cooperation with foreign countries. The exchange of goods and services is the fundamental reason why the independent economic subjects establish economic relations with each other and become part of local or national economic community. As the exchange crosses state borders, national economic systems become part of regional, continental or world economy. Thus international trade becomes an integral part of the process of economic globalization as a real historical process of universalization, homogenization and unification of the economy, also promotion of the growing interdependence and conditionality of economic entities in the frames of the global economy. Due to the global crisis that has engulfed almost the entire world, the attention is directed to the broader and long-term implications of economic globalization. One of the main drivers of economic globalization is the liberalization of international trade. But finding the abyss of severe recession, all countries around the world are protected by the presence of stressed protectionists measures. But whether the solution should be found in this regard is a question on which we hope that we will give acceptable answer. The aim of the research in this paper is an analysis of the situation in international trade (as one of the main mechanisms for spreading the negative implications of the global economic crisis) in postrecession-period (of course if we are really in postrecession period since the events due to some economies of the EU can contribute for prolonged duration and deeper recession or obtain the form of the so-called recession with two bottoms) by comparative parallels of the situation in international trade in prerecession and recession period and the empirical analysis of the impact of global economic crisis on foreign trade of the RM.

Keywords: international trade, economic globalization, global economic crisis, protectionism

## Вовед

Економската наука одамна се интересирала зошто земјите тргуваат меѓусебно, односно кои се поттиците што ја условуваат меѓународната трговија. Адам Смит, таткото на економијата, уште во 1776 година тврдел дека како што е елементарно правило добриот домаќин да не произведува нешто што може да го купи поевтино од друг, така и за економијата во целина е неисплатливо да произведува стоки и услуги кои може да ги купи поевтино од странство. Малку подоцна, англискиот економист Давид Рикардо ја формулирал теоријата за компаративните предности според која секоја земја треба да се специјализира и да ги извезува оние добра и услуги кои може да ги произведе со помал трошок на труд (за кои, според тоа, има компаративни предности) а од странство да ги увезува оние стоки и услуги за чие производство и е потребно релативно поголем трошок на човечки труд. Теоријата за компаративни предности на Рикардо претставуваше основа за објаснување на поттиците на меѓународната трговија, практично до крајот на седумдесеттите години на 20-ти век.

Во 1979 година, Пол Кругман ја формулирал својата “нова теорија за меѓународна трговија” со која понуди одговори за поттиците на меѓународната трговија во современи услови и посебно за причините што иницираат интензивна интраиндустриска размена, и за која теорија во 2008 година доби Нобелова награда за економија. Меѓународната трговија има силно влијание врз економскиот раст на една земја. Корелативната врска меѓу меѓународната трговија и економскиот раст посебно се актуелизира со либерализацијата на трговските политики на земјите во развој. Многу земји во развој, прогнозите за идниот економски раст ги базираат на нивните надежи за зголемена либерализација на трговијата како и подобрување на инвестиционата клима за странските инвеститори. Но, во услови на глобална економска криза, сите земји ширум светот се заштитуваат со нагласено присуство на протекционистичките мерки.

Главни механизми преку кои се пренесуваат негативните импликации од економската криза се надворешната трговија и меѓународното движење на капитал и технологија. Оттука, кулминирањето на светската економска криза и навлегувањето на македонската економија во фазата на рецесија имаа најсилно манифестирачко дејство во надворешната трговија на земјата во текот на цела 2009 година. Тоа е разбирливо ако се има предвид фактот дека РМ е мала и отворена економија, односно дека нејзиниот економски развој во многу голема мера е условен од случувањата во светската економија и особено во земјите со кои таа, традиционално, остварува најинтензивна економска размена.

## РАЗВОЈОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА НИЗ РАЗЛИЧНИ ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОДИ

Анализата на развојот на меѓународната трговија подразбира систематизација на развојот на истата во неколку временски периоди. Праисторискиот развој на меѓународната трговија го опфаќа временскиот период од 9000 година п.н.е. до 3000 година п.н.е. Периодот од 3000 година п.н.е. до 1500 година н.е. е дефиниран како период на појава на меѓународната трговија. Големите географски откритија во периодот 1500-1760 година кои се резултат на напредокот во технологијата за изградба на бродови и зголемувањето на економскиот интерес за развој на трговијата меѓу Европа и останатите подрачја во светот, го означуваат периодот на прва глобализација на светската економија. Во периодот до 1800 година, трговијата растела со стапка од околу 1,1% во просек годишно. Теоретичарите[1] сметаат дека овој раст на меѓународната трговија бил предизвикан од напредокот во технологијата, првенствено во областа на транспортот и комуникациите.

Новите теоретски размислувања сугерираат на фактот дека бумот во меѓународната трговија во анализираниот период бил предизвикан од специфичностите во структурата на увозната побарувачка на Европа и специфичностите во структурата на извозната понуда на Азија и Америка[2]. Индустриската револуција во периодот 1760-1914 година овозможила значаен пораст на производството на индустриски и земјоделски производи, што резултирало со појава на големи пазарни вишоци на производи и поевтинување на истите. За овој вишок, морало да се пронајдат нови пазари. Овие технолошки откритија, исто така овозможиле поевтинување на транспортните трошоци, како во поморскиот така и во копнениот сообраќај, што дополнително влијаело врз зголемувањето на светската трговија. Поради тоа, периодот на индустриска револуција, претставува период на втора глобализација на светската економија.

Првата светска војна (1914-1918) предизвикала прекин на светската трговија и огромни загуби во поглед на развојот на стопанските капацитети. Сето тоа го

---

[1] Paul Krugman: Growing World Trade, Causes and Consequences, p.328 in Brookings Papers on Economics Activity, 1995, pp.327-377

[2] Kevin H. O’Rourke and Jeffrey G. Williamson: After Columbus, Explaining the Global Trade Boom 1500-1800, Paper presented at Ron Findlay Conference, Columbia University, February 2001.

уназадило развојот на светската трговија како и можноста за обновување на светската трговија и го намалило странското инвестирање. Во периодот непосредно по завршувањето на Првата светска војна, од 1919 година до 1929 година, најзначајните економски сили биле насочени кон обнова на срушените економски капацитети. Поради тоа меѓународната трговија бавно заздравувала и долго не го достигнала нивото од пред 1914 година. Еден од факторите кои го детерминирале бавниот раст на меѓународната трговија во тој период претставува фактот што повеќето развиени земји се определиле за водење на протекционистички надворешно трговски политики. Од 1929 година па се до 1933 година настапува периодот на Големата економска криза. Оваа криза условила пораст на протекционизмот од страна на земјите кои сметале дека на тој начин ќе се заштитат од ефектот на прелевање на кризата. Втората светска војна, која започнува 1939 година и трае до 1945 година, била уште повеќе разорна и опасна од Првата светска војна и довела до огромни уништувања и скоро целосно прекинување на светската трговија.

Суштински карактеристики на периодот во развојот на светската економија од 1945-1990 година се: значајната институционална интеграција, динамичниот развој на регионалните економски интеграции како и транснационализацијата на светската економија. Овој период може да се подели на два подпериоди и тоа: подпериод на обнова и динамичен развој на светската економија од 1945-1973 година кој се одликува со висока стапка на економски раст, во просек од околу 4,5% годишно и стапка на раст на светската трговија во просек од околу 7,2% годишно, и подпериод на слаб развој на светската економија од 1973-1990 година со просечна стапка на економски раст од 3,6%, во кој период доаѓа до значајна светска инфлација но и до продолжување на растот на меѓународната трговија со просечна стапка од 5,7% годишно[3]. Во почетокот на деведесеттите години на 20-ти век доаѓа до значајни политички промени во светот, како што е распаѓањето на Источниот блок. Со овие промени е овозможено либерализирањето на меѓународната трговија и порастот на странските директни инвестиции од Западниот блок да се прошири низ целиот свет. Овој процес е наречен глобализација на светската економија која во историјата претставува трета, и најголема глобализација на светската економија.

Во периодот после 1990 година се интензивира процесот на регионални економски интеграции т.е. се создаваат многу нови регионални интеграции. Најзначаен предмет на размена во меѓународната трговија се и понатаму стоките, но се поголемо значење и можност за трговија добиваат и производите без материјална супстанца – услугите и производите на интелектуалната сопственост. Во тој период посебно е карактеристична примената на нецаринските бариери од страна на многу држави кои не се спремни потполно да ја либерализираат, вклучувајќи ги и развиените земји, па прибегнуваат кон примена на овој инструмент на рестриктивна надворешно трговска политика.

## МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ ВО ПЕРИОДОТ 2000-2009 ГОДИНА

Трговијата со стоки е движечка сила на светската економија. И во обем и по вредност светската трговија со стоки растеше два пати побрзо во споредба со светскиот аутпут во периодот 2003-2007[4]. Во текот на 2007 година растот на светската трговија губи од својата важност посебно за развиените економии. Растот на трговијата со стоки се динамизираше во 2001 година и беше реализиран од страна на развиените земји и Источна Азија предводена од Кина. Во средината пак на 2008 година, глобалната економија се наоѓа на работ од рецесија. Кризата, после четири години релативно брз раст, е резултат на поголем број фактори и тоа: глобалното распространување на финансиската криза од САД, зголемените цени на стоките, се поголемата

[3] Predrag Bjelic: Medjunarodna trgovina, Ekonomskog fakulteta, Beograd, 2008, str.59
[4] http://www.wto.org/english/res_e/booksp_e/anrep_e/world_trade_report08_e.pdf

рестриктивност на монетарната политика во поголем број земји како и нестабилноста на берзата. Без силна и меѓународно координирана акција на макроекономската политика, глобалната рецесија изгледа неизбежно.

Трговијата во 2007 година, се намали како резултат на намалената побарувачка од страна на развиените земји. Намалувањето на побарувачката од страна на САД, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит, доведе до најслаб годишен раст на БДП од 2002 година, со стапка од 2,2%. Стапката на раст на БДП во Јапонија во 2007 година изнесуваше 2,1%, додека пак Европа во 2007 година регистрира повисока стапка на раст на БДП од 2,8% во споредба со Јапонија и САД[5]. Поттикнат од релативно високите приходи од извозот и зголемените инвестиции, економскиот раст на Русија од 8% во 2007 година беше највисоко остварена стапка на раст од 2000 година. Во Централна и Јужна Америка, Африка, Средниот исток и развојниот дел од Азија, стапките на економски раст не покажаа знаци на забавување во 2007 година. Најнаселените земји во развој, Кина и Индија, продолжија да регистрираат одржливо високи стапки на есономси раст.

Намалената побарувачка од страна на развиените земји создаде помалку поволни услови за експанзија на меѓународната трговија во 2007 година во споредба со претходните години. Во 2007 година, светскиот извоз на стоки регистрира раст од 5,5% во споредба со стапката на раст од 8,5% во претходната година. Помал раст на увозот во споредба со претходната година беше регистриран во Северна Америка, Европа, Јапонија и во земјите во развој – увознички на нафта во Азија. Од друга страна пак, земјите во развој (Централна и Јужна Америка, Заедницата на независни држави, Африка и Средниот Исток) учествуваа со повеќе од половина во зголемувањето на светскиот увоз на стоки во 2007 година. Меѓу водечките трговци, експанзијата на трговијата со стоки во Кина остана одржлива во 2007 година и тоа како резултат на фактот што помалиот раст на извозот во САД и Јапонија во голема мера беше неутрализиран со поголемиот раст на извозот во Европа.

Знаци на сериозно влошување на глобалната економија беа евидентни и во 2008 година и тоа како резултат на намалувањето на меѓународните трговски текови и производсвото, прво во развиените а потоа и во земјите во развој. Во 2008 година светската трговија се намалува за 6% во споредба со 2007 година. Растот на светското производство мерено преку реалниот бруто домашен производ, исто така забележливо паѓа на 1,7% во 2008 година, во споредба со 3,5% раст една година претходно[6]. Растот на производството и трговијата во развиените земји бележи тренд на забавување во првите два квартали од 2008 година, но влошувањето на светската економска криза во третиот квартал од 2008 година беше причина да се забрза овој тренд. Важна карактеристика на трендот на забавување на светската трговија во третиот квартал од 2008 година беше синхронизираното намалување на увозот и извозот од страна на развиените и земјите во развој. Со зголемувањето на уделот на земјите во развој во глобалната трговија и зголемената географска диверзификација на трговските текови, се претпоставуваше дека овој "ефект на раздвојување" би ги направил земјите во развој помалку ранливи на економските превирања во развиените земји. Но, тоа не се покажа како случај.

Стапката на економски раст во 2008 година на глобално ниво изнесуваше 1.7% и беше најниско остварена стапка на економски раст од 2001 година и беше под просечната стапка на економски раст од 2.9% остварена во последните десет години. Развиените земји остварија оскудни 0.8% раст во 2008 година, во споредба со стапката на економски раст од 2.5% во 2007 година, додека пак просечната стапка на економски раст за периодот 2000-2008 година изнесуваше 2.2%. Земјите во развој пак го зголемија нивното производство за 5.6% во 2008, што подразбираше намалување во споредба со 7.5% раст во 2007 година. Земјите извознички на нафта остварија релативно висока стапка на економски раст од 5.5%, додека највисока стапка на раст од 6.6% во 2008

[5] ibidem

[6] http://www.wto.org/english/res_e/booksp_e/anrep_e/world_trade_report09_e.pdf

година остварија најмалку развиените земји, која стапка ја надминуваше дури и просечната стапка на економски раст од 6.3% за периодот 2000-2008 година. Европа и Северна Америка оствариja стапка на економски раст од само 1% во 2008 година, додека земјите извозниčки на нафта од Јужна и Централна Америка, Заедницата на независни држави, Африка и Средниот Исток оствариja стапка на економски раст над 5%. Економскиот раст на Азија во 2008 година беше само 2% што во голема мера се должи на негативната стапка на економски раст од -0.7% остварена од страна на Јапонија. Од друга страна пак, развојниот дел на Азија (со исклучок на Јапонија, Австралија и Нов Зеланд) оствари стапка на економски раст од 5.7%, пред се предводен од Кина која регистрира највисока стапка на економски раст во споредба со било која друга земја од 9%. Резимирано, високите стапки на економски раст во првата половина од 2008 година беа остварени од страна на земјите извозници на нафта кои бенефитираа од рекордно високите цени на нафтата и гасот. Но, втората половина од 2008 година е последена со несигурен раст и почеток на една тешка криза која започна во САД и другите развиени земји, за да подоцна се прошири и во земјите во развој.

Трговијата и растот на производството продолжија да опаѓаат рекордно и во првата половина на 2009 година, за да тој тренд биде продолжен и во втората половина на 2009 година. Обновувањето во првата половина на 2010 година беше недоволно да се достигне нивото пред кризата. Светската трговска организација проектираше обновување во 2010 година на депресираните нивоа од 2009 година. Еден позитивен развој на настаните во 2009 година беше отсуството на некое поголемо зголемување на трговските бариери од страна на земјите членки на СТО, и покрај високата стапка на невработеност во многу земји. На тој начин, Светската трговска организација одигра значајна улога во помагањето да се спречи развојот на силен протекционизам, кој драматично ги влоши економоските услови во 1930-тите.

Светската трговија има регистрирано три карактеристични случаи на негативни стапки на раст од 1965 година: -0.2% во 2001 година, -2,0% во 1982 година и -7.0% во 1975 година, но ниту една од овие епизоди ни приближно не се доближуваа до негативната стапка на раст на светската трговија од -12.2% во 2009 година[7]. Падот на светската трговија во 2009 година беше поголем од она што повеќето економетриски модели беа во состојба да го предвидат, како и од предвидувањето на СТО во раните фази од кризата. Колапсот на трговијата во 2009 година беше страшен и неопходно е адекватно да се разберат причините кои го предизвикаа истиот. Постои општо прифатен консензус меѓу економистите дека контракцијата на глобалната побарувачка е причина број еден за драматичниот колапс на светската трговија. Како други причини се наведуваат зголемувањето на присуството на глобалните ланци на снабдување во вкупната трговија, недостигот на финансии за реализирање на трговијата како и присуството на нов протекционизам изразен преку примена на легитимни заштитни мерки со цел да се заштитат домашните индустрии и вработеноста погодени од глобалната економска криза.

Глобалниот аутпут во 2009 година оствари негативна стапка на раст од -2.3% наспроти 1.6% раст во 2008 година.И во 2008 и во 2009 година стапката на економски раст не беше во состојба да ја постигне просечната стапка на раст од 3% за периодот 2000-2008 година. Иако, намалувањето на стапката на економски раст започна во развиените земји во последниот квартал од 2008 година, тој тренд забрзано продолжи и во првата половина на 2009 година, за да подоцна различно ги погоди речисите сите земји и региони. Стапките на раст на глобалниот аутпут и светската трговија за периодот 2007-2009 година сублимирано по региони се прикажани на следнава табела:

[7] http://www.wto.org/english/res_e/booksp_e/anrep_e/world_trade_report10_e.pdf

***Табела 1: БДП и трговија со стоки по региони, 2007-2009 година (процентуални годишни промени)***

| | *БДП* | | | *Извоз* | | | *Увоз* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2007 | 2008 | 2009 | 2007 | 2008 | 2009 |
| ***Свет*** | 3.8 | 1.6 | -2.3 | 6.4 | 2.1 | -12.2 | 6.1 | 2.2 | -12.9 |
| ***Северна Америка*** | 2.2 | 0.5 | -2.7 | 4.8 | 2.1 | -14.4 | 2.0 | -2.4 | -16.3 |
| *САД* | 2.1 | 0.4 | -2.4 | 6.7 | 5.8 | -13.9 | 1.1 | -3.7 | -16.5 |
| ***Јужна и Централна Америка*** | 6.4 | 5.0 | -0.8 | 3.3 | 0.8 | -5.7 | 17.6 | 13.3 | -16.3 |
| ***Европа*** | 2.9 | 0.8 | -4.0 | 4.2 | 0.0. | -14.4 | 4.4 | -0.6 | -14.5 |
| *Европска Унија (27)* | 2.8 | 0.7 | -4.2 | 4.0 | -0.1 | -14.8 | 4.1 | -0.8 | -14.5 |
| ***Заедница на независни држави*** | 8.3 | 5.3 | -7.1 | 7.5 | 2.2 | -9.5 | 19.9 | 16.3 | -20.2 |
| ***Африка*** | 5.8 | 4.7 | 1.6 | 4.8 | 0.7 | -5.6 | 13.8 | 14.1 | -5.6 |
| ***Среден Исток*** | 5.5. | 5.4 | 1.0 | 4.5 | 2.3 | -4.9 | 14.6 | 14.6 | -10.6 |
| ***Азија*** | 6.0 | 2.7 | 0.1 | 11.7 | 5.5 | -11.1 | 8.2 | 4.7 | -7.9 |
| *Кина* | 13.0 | 9.0 | 8.5 | 19.8 | 8.6 | -10.5 | 13.8 | 3.8 | 2.8 |
| *Јапонија* | 2.3 | -1.2 | -5.0 | 9.4 | 2.3 | -24.9 | 1.3 | -1.3 | -12.8 |
| *Индија* | 9.4 | 7.3 | 5.4 | 14.4 | 14.4 | -6.2 | 18.7 | 17.3 | -4.4 |
| *Ново индустријализирани земји* | 5.6 | 1.6 | -0.8 | 9.0 | 4.9 | -5.9 | 5.3 | 3.5 | -11.4 |

***Извор:*** *http://www.wto.org/english/res_e/booksp_e/anrep_e/world_trade_report10_e.pdf*

Сите земји и региони од горенаведената табела остварија негативна стапка на раст на извозот во 2009 година. Северна Америка и Европа остварија дури пониска стапка на раст на извозот од -14.4% и од светскиот просек, додека најмало опаѓање беше регистрирано од страна на земјите извознички на нафта во регионот на Африка (-5.6%), Средниот Исток (-4.9%) и Јужна и Централна Америка (-5.7%). Намалувањето на извозот во Азија (-11.1%) и Заедницата на независни држави (-9.5%) беше малку поголемо, но сепак помало во споредба со светскиот просек. Ситуацијата со увозот е обратна, при што најголемо опаѓање на увозот е регистрирано од страна на земјите извознички на нафта и други природни ресурси: Заедницата на независни држави (-20.2%) и Јужна и Централна Америка (-16.3%). Тоа делумно може да се објасни со намалувањето на приходите од извозот како резултат на пониските цени на нафтата. Северна Америка, Европа и Средниот Исток исто така регистрираа остар пад на увозот во 2009 година (-16.3%, -14.5% и -10.6% респективно) додека пак Африка и Азија претрпеа не многу голем пад на увозот од -5.6% и -7.9% респективно.

После најостриот пад на светската трговија во повеќе од 70 години, светската трговија се движи во насока на заживување и согласно предвидувањата на СТО истата треба да оствари раст од 9.5% во 2010 година на глобално ниво. Светската трговска организација игра главна улога во одржување на отвореноста на пазарите и во глобални услови на економска криза, целта на СТО е зајакнување на трговските правила во насока на креирање пофер и поотворена трговска размена која ќе обезбеди трговска експанзија и ќе ја спречи евидентната контракција предизвикана од глобалната економска зараза. Согласно ставот на генералниот директор на СТО, Паскал Лами, заживувањето на светската трговија има клучен придонес во подобрувањето на глобалната економија, но со нагласување дека мора да се избегне било какво економско заживување со примена на протекционизам.

Извозот од развиените економии се очекува да се зголеми за 7.5% во текот на 2010 година, додека извозот од остатокот од светот (вклучувајќи ги земјите во развој и Заедницата на независни држави) се очекува да се зголеми за околу 11% како што светот ќе излегува од рецесијата[8]. Овие проекции претпоставуваат глобален раст на

[8] http://www.wto.org/english/news_e/pres10_e/pr598_e.htm

БДП од 2.9% како и стабилност на девизниот курс и на цените на нафтата. Меѓутоа неочекувани позитивни или негативни економски вести во текот на 2010 година ќе наметнат потреба од ревизија на трговските предвидувања. Стапката на раст на трговијата од 9.5% не би била доволна да се достигне нивото пред кризата, па дури и предвидувањето за раст на трговијата од 11% за земјите во развој не ви го остварило истото. Меѓутоа, две години на раст на трговијата со оваа темпо би го достигнало нивото на трговија пред кризата за земјите во развој, додека пак за развиените земји се потребни три години за остварување на оваа цел. Овие трговски предвидувања се повеќе чувствителни на промените во резултатите за развиените земји отколку за земјите во развој поради фактот што развиените земји имаат поголем удел во реализирањето на светската трговија.

Во основа, останува значителен ризик прогнозите да се пре-оптимистички, имајќи ја во предвид можноста за дополнително зголемување на цените на нафтата, апрецијацијата или депрецијацијата на некои поважни валути како и дополнителни негативни случувања на финансиските пазари.

## ТРГОВСКАТА ОТВОРЕНОСТ КАКО ДВИГАТЕЛ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ

За земјите кои применуваат меѓународни економски политики кои промовираат поголема трговија и инвестиции, приклучување кон СТО или унилатерално намалување на трговските бариери, податоците укажуваат дека истите остваруваат повисока стапка на економски раст во споредба со земјите кои ја немаат таа практика. Согласно истражувањата на ОЕЦД и Светската банка постојат четири начини преку кои меѓународната трговија и инвестиции можат да придонесат за зголемен економски раст и тоа: либерализираната трговија и подобрената економска благосостојба како резултат на редуцираните трговски бариери, искористувањето на компаративните предности и зголемувањето на вкупната факторска продуктивност.

По 1948 година, Општата спогодба за царини и трговија (ГАТТ), која функционираше привремено се до создавањето на Светската трговска организација, помогна да се воспостави силен и просперитетен мултилатерален трговски систем кој стануваше се повеќе и повеќе либерален преку рундите на трговски преговори. Обемот на извоз на стоки и нивото на БДП на глобално ниво за периодот 1950-1999 година е прикажан на следниот графикон:

***Графикон 1: Извоз на стоки и БДП на глобално ниво***




***Извор:*** *http://www.ait.org.tw/infousa/enus/economy/trade/docs/trade.pdf*

За периодот 1950-1999 година обемот на светската трговија со стоки се зголемува за 19.3% споредено со 6.3% раст на глобалниот БДП, додека пак нивото на странските директни инвестиции се зголемува за околу 25%. Доколку направиме една компаративна паралела меѓу овие податоци со економски нестабилната 1930-та година кога во меѓународните трговски односи пред се доминира протекционизмот, обемот на светската трговија паѓа за околу 25% за периодот 1929-1932 година[9].

Земјите исто така можат да ја зголемат економската благосостојба како резултат на намалувањето на царините и нецаринските бариери. Согласно проценките на СТО, Светската Банка и ОЕЦД, придобивките од Уругвајската рунда на глобално ниво со намалувањето на протекционизмот се движат помеѓу 170 и 275 милијарди долари годишно[10].

Во една динамична и релативно отворена глобална економија, земјите имаат тенденција да ги искористуваат компаративните предности, т.е да се специјализираат во тргување со оние добра и услуги за кои имаат предност во производството во смисла на поголема ефикасност или квалитет, за добра и услуги за кои не поседуваат предност во производството, ниту во апсолутна ниту во релативна смисла. Како резултат на компаративните предности се создава поголема вредност со користење на исти ресурси. На пример, во 1983 година речиси сите автомобили во Кина беа верзии на Pontiac sedan, автомобили кои се карактеризираа со огромна тежина и потрошувачка на гориво. Со појавата на Toyota, кинезите сфатија дека доколку ресурсите кои ги користат за производство на еден автомобил Pontiac sedan ги алоцираат во производство и извоз на текстил и чевли, со приходите од извозот ќе бидат во состојба да набават два автомобили Toyota. Компаративните предности долго време се анализираат како потенцијален раст, од причина што истите ја надополнуваат

[9] http://www.ait.org.tw/infousa/enus/economy/trade/docs/trade.pdf
[10] http://www.wto.org/english/news_e/sppl_e/sppl153_e.htm

функцијата на либерализираната трговијата и ги насочуваат глобалните ресурси кон нивната најпродуктивна употреба. Исто така, компаративаните предности имаат индиректно влијание врз економскиот раст преку намалување на опортунитетните трошоци при производството на разни добра и услуги.

Еден од најважните извори на економски раст е намалувањето на реалните трошоци на фирмите преку зголемување на продуктивноста на трудот и капиталот. Намалувањето на реалните трошоци е основна цел на компаниите. Слободната трговија може да биде значаен катализатор за намалување на реалните трошоци. Да ги земеме за пример американските инвестиции во Кина. Ниските производствени трошоци во Кина ќе бидат голема заштеда за американските фирми споредено со нивните алтернативни трошоци во САД, а тоа ќе се рефлектира делумно преку високата стапка на поврат на инвестицијата и делумно преку пониската цена на производите на светскиот пазар. На пример, ако се потребни ресурси во вредност од еден милион долари за производство на милион единици од некој производ по цена од 10 долари за единица, американската економија сега може да го добие истиот милион единици од Кина по цена од 5 долари за единица производ[11]. Зголемувањето на инвестициите како резултат на либерализираната трговија и овозможува на Кина дополнителен прилив на капитал и поголем раст. Влијанието врз стапката на раст на Кина се манифестира преку инкременталното зголемување на капиталниот сток кој што се додава во БДП на Кина и кој овозможува зголемување на аутпутот во идните години, но не предизвикува понатамошен раст на БДП секоја година. На американска страна пак, потенцијалната добивка од 5 милиони долари во БДП како резултат на неискористените ресурси во вредност од 5 милиони долари поради трансферот на производствените операции во Кина, нема да значат скок на дополнителни 5 милиони долари секоја година, туку економијата ќе добива година по година од она што овие ресурси во вредност од 5 милиони долари се во состојба да произведат.

Во целина земено, меѓународната трговија го подига нивото на БДП и во земјите кои увезуваат и во земјите кои извезуваат. Конкуренцијата обично поттикнува намалување на реалните трошоци, а со тоа можеме да очекуваме дека во повеќе конкурентна состојба што преовладува по либерализацијата на трговијата, вработените во погодените индустрии ќе работат понапорно за да ги намалат реалните трошоци во споредба со заштитените индустрии.

## НАДВОРЕШНО ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија во периодот од завршувањето на Втората светска војна па се до осамостојувањето во 1991 година се развивала како федерална единица на СФР Југославија. Нејзината стопанска структура во периодот по завршувањето на Втората светска војна била диктирана од потребите на пошироката заедница – Југославија. Распаѓањето на СФРЈ и осамостојувањето на РМ предизвикале квалитативни промени во поглед на дефинирањето на тоа што сега претставувало внатрешен односно надворешен пазар. Во тешки услови на стопанисување, Република Македонија била принудена да се присособува речиси дневно на новонастанатата состојба за да обезбеди какви-такви услови за одржување на кондицијата на производството и да ја интензивира меѓународната економска соработка, вградувајќи во својата макроекономска политика нови цели и нови приоритети.

Од 2001 година состојбите почнале да се менуваат. Во 2001 година Европската унија проценила дека Македонија е првата земја од регионот Западен Балкан која заслужува да добие специјален билатерален трговски аранжаман познат под името Спогодба за стабилизација и асоцијација. Со стапувањето на Спогодбата на сила, учеството на ЕУ во вкупната македонска надворешнотрговска размена почнало забрзано да се зголемува како на страната на извозот така и на страната на увозот. За само пет години ЕУ зафатила 55% од вкупниот извоз и околу 44% од вкупниот увоз на

[11] http://www.ncpa.org/pub/ba552

Македонија[12]. Со членството во Светската трговска организација во 2003 година, РМ прави уште еден чекор во интегрирањето во светската економија.

Светската економска криза не ја заобиколи Република Македонија и кон крајот на 2008 година го погоди реалниот сектор. Глобалната економска криза во Македонија, за разлика од развиените земји, каде што почна од финансискиот сектор, па се одрази врз реалниот сектор, се случи обратно. Имавме релативно стабилен финансиски сектор. Кризата се одрази преку надворешната трговија и потоа врз реалниот сектор. Потоа, поради намалената економска активност, намалената ликвидност на економијата се одрази и врз финансискиот сектор со зголемување на каматните стапки, што дополнително ја оптовари економската активност во РМ, а посебно малите и средни претптијатија кои потешко доаѓаат до капитал. Рецесијата во земјите од евро зоната и соседните земји кои се наши главни трговски партнери, се прелеа врз македонските компании и има директно влијание врз трговската размена и платниот биланс на земјата. Главен проблем на нашата економија во основа претставува падот на надворешната побарувачка во индустрискиот сектор, при што физичкиот обем на индустриското производство во последниот квартал на 2008 година бележи годишен пад од 7,6%, а во првиот месец на 2009 година достигна и до 16,7%. Придонес на ова е откажувањето на договорените нарачки со странските партнери од 30% до 50%.

Во 2009 година трговската размена со странство се намали за 28.6% во однос на нејзината големина во 2008 година. Поради намалената странска побарувачка особено на производи од металската, текстилната и кожарската индустрија извозот на стоки и услуги во 2009 година се сведе на 2.691,5 милиони долари, што е за 32.4% помалку во однос на неговата големина во претходната година. Како резултат на презмените рестриктивни мерки на монетарната политика и на вкупната опаѓачка тенденција на домашната економија, увозот на стоки и услуги од странство, исто така бележеше надолни големини. На крајот на 2009 година увозот на стоки и услуги изнесуваше 5.043,1 милиони долари што е за 26.4% помал износ од остварениот во претходната година. Таквите движења условија намалување и на обемот на трговскиот дефицит, кој на 31.12.2009 година се сведе на 2.351,6 милиони долари. Овојпат, причина за трговскиот дефицит не беше побрзо растечкиот увоз од извоз, туку поинтензивното намалување на извозот од намалувањето на увозот. Сето тоа придонесе покриеноста на увозот со извоз да се сведе на 53.4%.

Обемот на стоковната размена на Република Македонија за периодот јануари-јуни 2010 година е за 10.3% поголем во однос на истиот период од 2009 година. Според податоците од Државниот завод за статистика, вкупната вредност на извозот на стоки во периодот јануари-јуни 2010 година изнесува 1.436 милиони долари, а на увозот 2.441 милиони долари. Покриеноста на увозот со извозот е 58.8%. Трговскиот дефицит во периодот јануари-јуни 2010 година изнесува 1.004,1 милиони долари. И покрај евидентните падови во првите месеци од 2010 година, индустриското производство во јуни 2010 година во однос на истиот месец претходната година бележи раст за 5.4%.
Според вкупниот обем на надворешно-трговска размена, Република Македонија најмногу тргува со Германија, Грција, Србија, Русија и Бугарија (43.7% од вкупната надворешно-трговска размена се врши со овие пет земји)[13].

Големата зависност од степенот и брзината со кои најважните трговски партнери на РМ излегуваат од актуелната економска криза, зависноста од начините и брзината со која македонската економија ќе излегува од фазата на рецесија и неизвесностите што произлегуваат од (не) добивањето датум за преговори за членство на РМ во ЕУ, се најсилните ризици, но и ограничувачки фактори со кои македонската економија во целина, и нејзината надворешна трговија посебно, ќе се соочуваат во престојниот период.

## ЗАКЛУЧОК

[12] Ирена Кикеркова: Надворешна трговија, Економски факултет, Скопје, 2008 година, стр.417
[13] http://www.stat.gov.mk/statistiki.asp?ss=13.01&rbs=1

Меѓународната трговија меѓу различни земји не е нов концепт.Историјата укажува на случаи на меѓународна размена кои датираат уште од далечното минато. Придобивките од меѓународната трговија се еден од основните двигатели на економскиот раст, посебно во втората половина на 20-ти век. Земјите со развиена меѓународна трговија се многу просперитетни и имаат моќ да ја контролираат светската економија. Постојат неколку начини преку кои меѓународната трговија и инвестиции можат да придонесат за зголемен економски раст и тоа: либерализираната трговија и подобрената економска благосостојба како резултат на редуцираните трговски бариери, искористувањето на компаративните предности и зголемувањето на вкупната факторска продуктивност. Слободната трговија како резултат на намалувањето на царините, регулативите и ограничувањата и овозможува на економиите подобра алокација на ресурсите, но тоа само по себе не подразбира и повисока стапка на економски раст. Ефектите од слободната размена се манифестираат првенствено врз нивото на аутпутот отколку директно врз долгорочната стапка на економски раст.

И покрај фактот што меѓународната трговија е движечка сила на светската економија, истата претставува и еден од главните механизми за ширење на негативните импликации во услови на глобална економска криза. Трговијата во 2007 година, се намали како резултат на намалената побарувачка од страна на развиените земји. Намалената побарувачка од страна на развиените земји создаде помалку поволни услови за експанзија на меѓународната трговија во 2007 година во споредба со претходните години. Знаци на сериозно влошување на глобалната економија беа евидентни и во 2008 година и тоа како резултат на намалувањето на меѓународните трговски текови и производсвото, прво во развиените а потоа и во земјите во развој. Трговијата и растот на производството продолжија да опаѓаат рекордно и во првата половина на 2009 година, за да тој тренд биде продолжен и во втората половина на 2009 година. После најостриот пад на светската трговија во повеќе од 70 години, светската трговија се движи во насока на заживување и согласно предвидувањата на СТО истата треба да оствари раст од 9.5% во 2010 година на глобално ниво.

Светската економска криза не ја заобиколи Република Македонија и кон крајот на 2008 година го погоди реалниот сектор. За РМ како мала, целосно отворена економија и исклучително зависна од увоз и извоз, интегрирањето во ЕУ и НАТО ќе испрати позитивен сигнал за инвеститорите дека е стабилна и има јасна позиција за идниот економски раст. Се разбира дополнително кога станува збор за македонската економија таа се соочува и ќе се соочува со неизбежни предизвици кои се емитуваат од непосредното и поширокото меѓународно економско окружување.

**ЛИТЕРАТУРА**


1) Ирена Кикеркова: Надворешна трговија, Економски факултет, Скопје, 2008 година
2) Predrag Bjelic: Medjunarodna trgovina, Ekonomskog fakulteta, Beograd, 2008
3) Kevin H. O'Rourke and Jeffrey G. Williamson: After Columbus, Explaining the Global Trade Boom 1500-1800, Paper presented at Ron Findlay Conference, Columbia University, February 2001.
4) Paul Krugman: Growing World Trade, Causes and Consequences, p.328 in Brookings Papers on Economics Activity, 1995
5) www.wto.org
6) www.ncpa.org
7) www.ait.org
8) www.stat.gov.mk